# ГАРАНТЕН ЛИСТ ЗА УРЕДИ ЗА ЗАВАРУВАЊЕ

Сите Wurth апарати за заварување грижливо се испитуваат и подлежат на најстрога контрола на Wurth системот за контрола и квалитет на производи.

За сите Wurth Master алати даваме гаранција под следниве услови:

## ГАРАНЦИЈА

1. Гаранцијата важи **12 месеци (една година)** од датумот на продажба кој е наведен во гарантниот лист, со приложување на гарантниот лист и оргиналната сметка за купениот алат
2. Гаранцијата важи исклучиво доколку уредот за заварување е предаден на нашиот преставник за продажба, големопродажба во која е уредот купен или овластениот MASTER сервис.
3. Гаранцијата ги покрива сите недостатоци на алатот кои се последица на грешка во матријалот од кој е алатот произведен, или се последица на грешка во процесот на произвотсво на алатот - дефектни делови.

Доколку се исполнети горенаведените услови, за времетраење на гарантниот рок Wurth Македонија ги покрива целокупните трошоци за поправка на уредот.

Wurth Македонија се обврзува уредот да го поправи во пропишаниот рок или истиот да го замени со нов.

## ГАРАНЦИЈАТА НЕ ВАЖИ ВО СЛЕДНИТЕ СИТУАЦИИ

1. Доколку купувачот со уредот за заварување не достави гарантен лист и оргинална сметка.
2. Доколку купувачот не се придржувал до упатството за правилна употреба и одржување на уредот.
3. Доколку уредот во гарантниот рок е отваран од страна на сервис кој не е овластен, или од страна на неовластено лице, гаранцијата автоматски престанува да важи, а трошоците на поправка и испорака ги сноси купувачот.
4. Кај дефекти кои настанале во гарантен рок како последица на абење на уредот, неправилна употреба, преправки на уредот или употреба на додатен алат и резервни делови кои не се оргинални, целиот трошок за поправка го сноси купувачот.
5. Доколку дефектот настанал како последица на виша сила (елементарна непогода, струен удар, варијација на напонот во електричната мрежа и сл.).

Wurth Македонија се обврзува да обезбеди сервис и резервни делови во период од 5 (пет) години од датата на купување на алатот кој е наведен во гарантниот лист.
За делови и квалитет на сервисната услига на уредите кои се сервисирани кај овластен сервисер вон гарантен рок Wurth Македонија дава гаранција од 6 (шест) месеци.

Извршените услуги кои произлегуваат како последица на оваа гаранција не го продолжува гарантниот рок наведен на гарантниот лист.
Освен правото на отстранување на недостатокот на уредот кои се дефинирани со овој гарантен лист, од оваа гаранција не произлегуваат никакви други права.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА ДОВЕРБАТА!